## Тисен, Илка, *Чекајќи ја Македонија: Идентитет во свет кој се менува*, Табахон, Скопје 2010, ISBN 978-608-4566-03-8

*Чекајќи ја Македонија: Идентитет во свет кој се менува*, дело на Илка Тисен, е издадено во Скопје, во 2010 година од издавачката куќа Табахон.

Илка Тисен, професор на Ванкувер Ајланд Универзитетот, е регионално специјализирана за Македонија, Балканот и Југоистиочна Европа. Тисен завршила докторски студии на Лондонското училиште за економија и политички студии, а оваа книга, всушност, претставува нејзина докторска дисертација. Се занимава со разни теориско-методолошки иновации и интердисциплинарни истражувања на клучни аспекти на идентитет, здравјето, нееднаквоста и разновидноста. Тисен, во нејзиниот вовед кон македонското издание, ја спомнува нејзината поврзаност со Македонија, како и со девојките и нивните семејства за кои описно пишува во книгата (Тисен, 2010: 13).

*Чекајќи ја Македонија: Идентитет во свет кој се менува*, за прв пат е објавена на англиски јазик во 2007 година од издавачката куќа Бродвеј Прес (Broadview Press) во Питерборо, Онтарио (Peterborough, Ontario). Во нејзиното дело, таа го следи секојдневниот живот на група млади жени - инженери во Југославија и Македонија за време на нејзиното истражување од 1988 до 1996 година. Преку следење на различни аспекти во животите на жените, Тисен истовремено ги следи глобалните процеси кои се случувале во општествениот, економскиот и културниот живот во Југославија и Македонија по распадот на Југославија и во периодот на транзицијата. Таа, исто така, поставува прашања во врска со анализата на пошироки културни политики во независна Македонија, големи општествени промени и процес на повторна идентификација.

Тисен, со нејзиното истражување во Македонија сакаше се оддели од вообичаениот тек на „западните“ истражувања во социјалистички и пост-социјалистички земји, како што се колективизација и државните фарми. Авторката се интересира за животните приказни на млади, образовани девојки во Скопје, и преку нив да ги претстави глобалните процеси кои се случуваа во општествениот, економскиот и културниот живот во Југославија. Меѓу рецензентите на книгата се познатите антрополози Анастасија Каракасиду и Венди Брасвел, кои дадоа позитивен осврт за делото и го забележаа нејзиниот обид да ги разгледа промените во пост-социјалистичкото општество преку животите на „обичните“ девојки.

Во период на формирање на самостојна држава, потрагата по идентитет е една од клучните аспекти на самопретставувањето. Тисен предлага дека западните дискурси за поранешните социјалистички држави би можеле да влијаат врз начинот за тоа како младата генерација во Југославија и во Македонија се гледа себеси. Младите девојки за кои се работи во книгата, се обидуваат да ја формираат нивната иднина и околина преку сопствената контрола врз телото и размислувањата за сексуалноста и националниот идентитет. Според Тисен, доколку минатото ги оформило младите девојки во тоа што се денес, тогаш иднината е тоа што ќе ги трансофрмира во тоа што ќе бидат. Општеството на девојките им дава идеја за тоа кои се, кои сакаат да бидат и како се меѓусебно поврзани. Идентитетот на младите девојки

е еднаков со положбата на општеството во кое се наоѓаат. Тисен тврди дека промените што се случуваат во политичката и општествената сфера се случуваат и на локално и лично ниво.

На почетокот на книгата, Тисен ја поставува тезата дека етничките тензии и издвојувањето на дефинициите за традиционалното и модерното во Македонија се резултат од грижата за односите со западот која произлезе по осамостојувањето на државата. Повеќе Македонци ја гледале Југославија како алка од глобалната модерност и од Европа. Распадот на Југославија и перцепциите на „Западот" за Балканот како неразвиена област влијаеле врз младите генерации и нивните претстави за самите себеси. Во оваа состојба, се развија навики наменети за докажување на припадноста на Македонија кон Западот. Тисен го дава нејзиното мислење дека со оглед на тоа што Југославија им нудела на Македонците клуч кон Европа, носталгијата кон Југославија до некаде е носталгија по Европа.

Во поголемиот дел од книгата, Тисен ги раскажува животите на нејзините млади пријателки. Таа ги користи нивните примери за споредби на модерно и традиционалното за да покаже како младите жени си ги формираат и ги планираат нивните идеални животи и улоги. Младите жени, во нивната цел кон модерното и оддалечувањето од застарениот начин на живот на нивните предци, се интересирале за странска брендирана облека и разни третмани на тело. Според Тисен, оваа појава не е чиста имитација на Западот. Всушност, како резултат на ориентални и негативни погледи кон Балканот, младата генерација, преку т.н. „западни" навики на потрошувачка ја докажува својата припадност во Европа.

Низ целото свое дело, Тисен користи етнографски примери да ги докаже своите тврдења. По долги години пријателства со младите жени за кои што пишува, авторката дава впечаток дека навистина длабоко ги разбирала ситуациите во кои се наоѓала. Таа се оттргнува од дотогашните западни пристапи во истражувањето на Балканот и успева да ги проследи процесите на трансформација и формирањето на идентитетот во пост-социјалистичката држава, по пример кој нејзе лично ја интересира и го смета за особено важен. Таа дава опширна и описна слика за тоа како изгедале неколку млади животи кои заедно со Македонија поминувале низ период на транзиција и формирање на идентитет. Делото на Тисен е претставување на трансформацијата на Македонија за светот надвор од Македонија, но исто така и гледиште за луѓето во Македонија кои трагаат по објаснувања за сопствената трансформација.

Еда Старова